ОПШТИНА БУТЕЛ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-69/5 од 29.01 2024 година
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр. 05/02), член 2 од Одлуката за формирање на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел бр. 08-1577/7 од 22.10.2020 година („Службен гласник на Општина Бутел бр.11/2021), член 3 од Деловникот за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот во Општина Бутел бр. 08-274/3 од 25.02.2021 година („ Службен гласник на Општина Бутел бр.2/2021 ), Градоначалникот на Општина Бутел го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
за избор на членови на Партиципативното тело
од областа на урбанизмот на Општина Бутел

1. За членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел се избираат:
   - **Ана Младеновска**, член на Комисијата за урбанизам на Општина Бутел;
   - **Иво Ѓорѓиев**, надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Бутел;
   - **Маја Ангеловска**, надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Бутел;
   - **Наташа Тодоровска Пренк**, надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Бутел;
   - **Жарко Чаушевски**, надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Бутел;
   - **Живка Христова**, стручно лице од областа на урбанизмот;
   - **Зоран Велковски**, претставник од невладина организација;
   - **Пене Пенев**, стручно лице од областа на урбанизмот;
   - **Мартин Ристевски**, претставник од месна заедница.
2. Работата на избраните лица во Партиципативното тело се уредува со Деловник за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел бр. 08-274/3 од 25.02.2021 година.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Согласно член 46 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020 и 111/23), Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, општините во Град Скопје и Град Скопје, што ги одредува Градоначалникот и стручни ллица вработени во правното лице што го

изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претсавници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претстатуваат различните групи граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите области суштествени за планирање и одржлив развој на градот.

Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Согласно член 46 став 4 од наведениот Закон учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа учеството е на доброволна основа.

Градоначникот на Општина Бутел објави Јавен повик за пријавување на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел бр. 09-2306 од 14.12.2023 година на веб страната на Општина Бутел.

Согласно член 3 од Деловникот за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Бутел бр. 08-274/3 од 25.02.2021 година, Градоначалникот носи Решение за избор на членовите.

Врз основа на предходното, Градоначлникот на Општина Бутел одлучи како во диспозитивнот на ова Решение.

ОПШТИНА БУТЕЛ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Дарко Костовски
____________________

Изработил: Дејан Врангалоски_______
Контролирал: Вене Тасев _______